ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА
NDËRMARRJES PUBLIKË RRUGË DHE RRUGICA
Бр.-Nr. 02-2285/2
30. 04 2020 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

Врз основа на член член 27 од Статутот на ЈП Улици и патишта-Скопје и Мислењето на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиско работење бр.02-2284/2 од 30.04.2020 година, Управниот одбор на дваесетиосмата седница, одржана електронски на 30 април 2020 година, ја донесе следната

О Д Л У К А

ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ
ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈП УЛИЦИ И ПАТИШТА-Скопје
ЗА ПЕРИОД ОД 01.01.- 31.03.2020 година

I

Се усвојува Извештај од работењето на ЈП Улици и патишта-Скопје, за период од 01.01. заклучно со 31.03.2020 година.

II

За реализација на оваа Одлука ќе се погрижи секторот за Финансии кој се задолжува Извештајот, согласно Статутот и Законот за јавни претпријатија да го достави до Град Скопје на разгледување и давање согласност.

III

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Скопје,
30 април 2020 година

УПРАВЕН ОДБОР
Председател
Огнен Петровски

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА
NDËRMARRJES PUBLIKË RRUGË DHE RRUGICA
Бр.-Nr. 02-2284/2
30. 04 2020 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

Врз основа на член 6 точка 3 од Деловникот за работа на Надзорниот Одбор за контрола на материјално-финансиско работење на ЈП Улици и патишта Скопје, Надзорниот Одбор за контрола на материјално-финансиско работење на својата осумнаесетта седница одржана електронски на ден 30.04.2019 година . го дава следново

М И С Л Е Њ Е

По разгледувањето на Извештајот за работењето на ЈП Улици и патишта Скопје за период 01.01.-31.03.2020 год. ,изготвен и доставен од страна на стручните служби на Претпријатието , како и дискусијата по однос на Извештајот,Надзорниот Одбор за контрола на материјално-финансиско работење на ЈП Улици и патишта Скопје едногласно даде позитивно мислење за истиот.

Исто така, Надзорниот Одбор за контрола на материјално-финансиско работење на ЈП Улици и патишта Скопје предлага до Управниот одбор на ЈП Улици и патишта Скопје и до Советот на Град Скопје да донесат одлука за усвојување на Извештајот за работењето на ЈП Улици и патишта Скопје за периодот 01.01.-31.03.2020 година.

Надзорен Одбор за контрола

на материјално-финансиското работење

на ЈП Улици и патишта Скопје

Претседател

Благоја Петрушевски

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА
NDËRMARRJES PUBLIKE RRUGË DHE RRUGICA
Вр.-Nr. 02-2367/11
30.04 20 20 год.-vitl
СКОПЈЕ-SHKUP

И З В Е Ш Т А Ј

од работењето на ЈП Улици и патишта Скопје

за периодот 01.01.-31.03.2020 г

Скопје, април 2020 г

1. ВОВЕД

Во првото тримесечие од 2020г. ЈП Улици и патишта - Скопје извршуваше исти активности кои ги извршува секоја година во овој период согласно временските услови и Програмите за работа на Претпријатието донесени од страна на Советот на Град Скопје.

Имено,во периодот од 01.01.-15.03.2020 г во најголем дел се одвиваа активности поврзани со Зимската служба согласно Програмата,а зависно од временските услови и активности околу редовното летно одржување.

Активностите кои Секторот Сообраќај ги извршува постојано во текот на целата година независно од периодот и временските услови ги извршуваше и во првото тросечие во 2020 г. Пред се,ова се однесува на работите околу овозможување исправно функционирање на светлосната сигнализација (семафори на територија на Град Скопје) и поставување и замена на сообраќајни знаци.

2. ОПШТИ ПОДАТОЦИ

Согласно Законот за јавни претпријатија и Законот за трговски друштва ЈП Улици и патишта е регистрирано под ова име како Јавно претпријатие со упис во судски регистар-регистарска влошка бр.02039215?-7-09-000 од 29.10.2001 год. и шифра на дејност **42.11** – градежништво.

Седиштето на претпријатието е на ул.Коле Неделковски бр.38 Скопје.

Дејностите на ЈП согласно Статутот и шифрата на дејност се:

42.11 Изградба на патишта и автопати

Заради извршување на својата дејност Претпријатието ги врши следните активности:

- Изградба,реконструкција и одржување на улици,патишта и други велосипедски и пешачки патеки;
- Изградба на коловозна конструкција на улици,патишта,надвозници и др.;
- Изработка на тротоари;
- Обележување на патишта и други ознаки;
- Поставување на заштитни огради,сообраќајни знаци и сл.;
- Изградба на аеродромски писти;
- Одржување на сообраќајна сигнализација;
- Одржување на улици и сообраќајници во зимски услови.

Во рамките на предметот на работењето Претпријатието ќе ги врши и следниве дејности:

- 08.12 Вадење на чакал и песок, глина и каолин;
- 08.99 Останато рударство и вадење на камен неспомнато на други места;
- 23.61 Производство на производи од бетон за градежни цели;
- 42.91 Изградба на хидроградежни објекти;
- 42.99 Изградба на други објекти од нискоградба неспомнати на други места
- 43.11 Уривање;
- 43.12 Подготвителни работи на градилиште;
- 43.29 Други градежни – инсталатерски работи;
- 43.99 Останати специјализирани градежни работи неспомнати на други места;
- 45.20 Одржување и поправка на моторни возила;

- 71.12 Инженерство и со него поврзано техничко советување;
- 96.03 Погребни и слични дејности.

3. ОРГАНИЗАЦИЈА

Во согласност со статутарните одредби и Правилникот за организација и систематизација ,а заради ефикасно извршување на работите ЈП е организирано на ниво на Сектори и Одделенија и тоа:

1. **Сектор – Механизација;**
2. **Сектор – Сообраќај;**
3. **Сектор – Одржување и изградба на сообраќајници;**
4. **Сектор – Технички работи;**
5. **Сектор – Правно-кадрови и општи работи;**
6. **Сектор – Финансии;**

Во извршување на тековните активности во првите три месеци заклучно со 31.03.2020г. беа ангажирани **266** работници во редовен работен однос **што е зголемување** во однос на состојбата на 31.03.2019 г кога во Претпријатието биле вработени 257 работници.

Квалификационата структура по Сектори е претставена во табелата која следи.

БРОЈ И КВАЛИФИКАЦИОНА СТРУКТУРА ПО СЕКТОРИ

	ВСС	ВШС	ССС	ВК/КВ	НК/ПК	Вкупно
Генерален директор	1					1
Изградба и одржување на сообраќајници	6	3	14	19	66	108
Сообраќај	12	1	13	5	4	35
Механизација	3		46	14	5	68
Технички работи	3		2			5
Финансии	6	1	12			19
Правно-кадрови и општи работи	6		21		3	30
Вкупно	**37**	**5**	**108**	**38**	**78**	**266**

Во текот на првото тромесечие работниот однос **го прекинале 4 (четворица вработени**) од кои: еден (од сектор оператива) по основ на остварено право на пензионирање, еден (од сектор сообраќај) починат и двајца (по еден од сектор оператива и механизација) по основ на спогодбен отказ.

4. ФИЗИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ

Физички показатели од работењето на ЈП Улици и патишта Скопје во периодот 01.01.-31.03.2020 г. техничката реализација е прикажана во Табелите кои следат.

4.1. ТЕХНИЧКА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НИВО НА ПРЕТПРИЈАТИЕ

Реден број	ЈП УЛИЦИ И ПАТИШТА	асфалт	асфалт	фугирање	Бележење (рачно и машинско)	Бележење со ладна пластика	знаци	лантерни санација	лед модули	Метални конструкции	механизација	работна рака	ладен асфалт
	2020	тон	м2	м1	м2		ком.		ком.	т	час	час	тон
1	2	3	4	5	6	7		8	9	10	11	12	13
1	**ГРАД СКОПЈЕ**	12.450	22.399,06	10.589,40	3.117,64	/	138	11	50	660	6.480,00	21.600	203
2	**Трети лица-претпријатија**		1.677,60			/							
	ВКУПНО:	**12.450**	**24.076,66**	**10.589,40**	3.117,64	**/**	**138**	**11**	**50**	**660**	**6.480,00**	**21.600**	**203**

Од Табелата може да се констатира дека најголем дел од работењето во првото тромесечие од 2020 г. е извршено за основачот Град Скопје,а занемарлив дел е работењето за други инвеститори – правни лица.Во овој дел има **зголемување** во однос на истиот период во 2019г. кога биле асфалтирани скоро двојно помалку површини во износ од 12.053,93.

Ова е очекувано имајќи предвид дека се работи за зимски период кога најголем дел од активностите се активностите околу зимското одржување на сообраќајници кое е исклучиво во надлежност на Град Скопје.

Во позицијата фугирање исто така има **зголемување** на количините во однос на истиот период во 2019г. кога изнеувало 2.960,98 м1.,а во 2020г. 10.589,40 м1.

Другите сектори во Претпријатието кои не се директно поврзани со функционирањето на Зимската служба и чие работење е независно од временските услови во овој период ги извршуваа своите активности редовно како и во останатиот дел од годината.

За други инвеститори – правни лица во периодот 01.01.-31.03.2020 г. се асфалтирани 1.677,60 м2,додека во истиот период 2019 г не се вршело асфалтирање по налог на овие инвеститори.

4.2. ТЕХНИЧКА РЕАЛИЗАЦИЈА – ИНВЕСТИТОР ГРАД СКОПЈЕ

Во следната табела се прикажани физичките показатели од работењето за Град Скопје за период **01.01.-31.03.2020 г.**

Реден број	ЈП УЛИЦИ И ПАТИШТА		асфалт	фугирање	Бележување(рачно и машинско)	Бележење со ладна пластика	знаци	лантерни санација	лед модули	Метални конструкции	механизација	работна рака	ладен асфалт
	2020	м1	м2	м1	м2		ком.	ком.	ком.	т	час	час	тон
1	2		4	5	8		9	10	11	13	14	15	16
1.	Летно одрж.-фугирање	12.450		10.589,00									
2.	Асфалтерски работи - изградба		22.396,06							660			
3.	Хор.и верт.сигнализација				3.117,64	/	138						
4.	Светлосна сигнализација							11	50				
5.	Зимска служба										6.480	21.600	203
6.	Инспекторат												
7.	Корито на р.Вардар												
	Вкупно:	12.450	22.396,06	10.589,00	3.117,64	/	138	11	50	660	6.480	21.600	203

Од оваа табела споредбено табелата за истиот период 2019 г се забележува дека има зголемување на показателите скоро кај сите дејности кои Претпријатието ги вршеше во првото тромесечие во 2020 г:

1. Во првото тромесечие во 2020 г по налог на Градот Скопје асфалтирани се површини од **22.399,06 м2** што е зголемување во однос на истиот период минатата 2019 г кога биле асфалтирани **12.053,93** м2. Во 2020 г во првото тромесечие извршено е и фугирање на коловоз во должина од **10.589,00,00 м1** што е исто така зголемување во однос на истиот период за 2019г. кога изнесувал **2.960,98 м1.**

2. Одделението за светлосна сигнализација нема застој во работењето и во овој период – независно од временските услови се работи на тековно одржување на семафорските уреди и се интервенира кога има потреба.

Во периодот од 01.01.-31.03.2020г. во делот на **светлосна сигнализација** се извршени следните активности:

- поставени конзолни семафорски столбови 8 парчиња
- обични семафорски столбови 1 парче
- тастери за најава на пешаци 5 парчиња
- поставени камери без РТ 2 единици 1 парче

- репарирани ЛЕД модули	50 парчиња
- репарирани латерни (возачки и пешачки)	11 парчиња
- поставени возачки латерни	5 парчиња

3. Во истиот период Одделението за хоризонтална и вертикална сигнализација има обележано вкупно **3.117,640м2** сообраќајни површини за разлика од истиот период минатата година кога во овој период се обележени **2.153,09 м2** односно има зголемување.

Во периодот е работено и на поставување на **вертикална сигнализација:**

- Поставени и заменети сообраќајни знаци	138 парчиња
- Исправени/извадени сообраќајни знаци	71 парчиња
- Отстранети (изведени) сообраќајни знаци	25 парчиња
- Поставени светлечки сообраќајни знаци	7 парчиња
- Извршена контрола на вертикална сигнализација	245 парчиња

Во набљудуваниот период минатата 2019 г вкупно се поставени,извадени и исправени 378 знака што значи дека во 2020 г има намалување – бројот на поставени,извадени и исправени знаци е вкупно 234 парчиња.

Светлечки сообраќајни знаци во набљудуваниот период за 2020г. поставени се 7 парчиња, додека во истиот перид за 2019г. биле поставени 5 парчиња.

Во периодот од 01.01.-31.03.2020г. во делот на **светлосна сигнализација** се извршени следните активности:

- поставени конзолни семафорски столбови	8 парчиња
- обични семафорски столбови	1 парче
- тастери за најава на пешаци	5 парчиња
- поставени камери без РТ 2 единици	1 парче
- репарирани ЛЕД модули	50 парчиња
- репарирани латерни (возачки и пешачки)	11 парчиња
- поставени возачки латерни	5 парчиња

4.Кај Зимската служба,изработените работни часови што се однесува до работната рака изнесуваат **21.600 часа** во периодот 01.01.-15.03.2020г.,што е нешто повеќе отколку во истиот период во 2019г. кога изнесувале 21.312 часа.

Кај часовите на ангажирање на механизацијата за извршување на активностите околу Зимската служба има минимално намалување и за набљудуваниот период во 2020г. изнесува **6.480 часа** во однос на истиот период во 2019 кога часовите на ангажирање на работна рака изнесувале 6.603,10 часа.

Часовите на ангажирање на механизацијата и работната рака при Зимското одржување на сообраќајниците во потполност се зависни од временските услови и потребите за интервенција на терен.

Во периодот 01.01.-31.03.2020 г. вградени се **203 т** ладен асфалт што е исто така скоро идентично со истиот период во 2019 г.кога се вградени 201,5 т.

5. ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ

Во периодот **01.01.-31.03.2020 г.** покажани се следниве резултати од работењето прикажани во Билансот на успех:

Финансиски показатели	01.01-31.03.2020	01.01.-31.03.2019	Зголемување/ намалување	Индекс 20/19
Вкупни приходи	68.788.962,00	59.655.457,00	9.133.505,00	1,15
Вкупни расходи	66.898.206,00	43.773.213,00	23.124.993,00	1,53
Добивка	**1.890.756,00**	**15.882.244,00**	**-13.991.488,00**	**0,12**

5.1. ВКУПНИ ПРИХОДИ

Во периодот 01.01.-31.03.2020 г. реализирани се вкупни приходи во износ од **68.788.962,00 ден**. Овој износ на вкупни приходи е повисок од износот на вкупните приходи реализирани во истиот период во 2019 г. (59.655.457,00 ден) за 9.133.505,00 ден. односно за 15,31%.

Вкупните приходи по видови за период 01.01.-31.03.2020 г. и за период 01.01.-31.03.2019 г. се претставени во табелата која следи:

Реден број	Вид на приход	01.01.-31.03.2020	01.01.-31.03.2019	Индекс 20/19
1	Град Скопје	66.273.557,00	53.662.490,00	1,24
2	Други правни лица	2.161.678,00	2.542.910,00	0,85
3	Останати приходи	353.727,00	3.450.057,00	0,10
	Вкупно:	**68.788.962,00**	**59.655.457,00**	**1,15**

Во следниот графикон е прикажано процентуалното учество на различните видови на приходи во вкупните приходи кои ги има остварено ЈП Улици и патишта - Скопје во период 01.01.-31.03.2020 г. според податоците од претходната табела:



5.1.1. ГРАД СКОПЈЕ

Најголем дел од вкупните приходи во периодот 01.01.-31.03.2020 г. се остварени од работењето по налог на Град Скопје. Во овој период приходите остварени од работењето со Град Скопје изнесуваат **66.273.557,00 ден.** и во вкупните приходи учествуваат со **96,34 %.** Приходите остварено од работењето со Град Скопје сочинуваат 96,84% од приходите од редовното работење кои се во износ од **68.435.235,00 ден**.

Овој тренд на остварување на поголеми приходи во првото тромесечие од годината од соработката со Град Скопје е очекувано, бидејќи се работи за период од годината кога главните активности се околу извршување на Зимската служба и пополнувањето на ударни дупки со ладен асфалт, а зависно од временските услови и асфалтирање со "обичен" асфалт и фугирање - активности кои се извршуваат по налог на Градот. Секторот Сообраќај работи со динамика согласно Програмите за работа и временските услови.

Видовите на приходи по дејности кои се остварени од работењето со Градот во период 01.01.-31.03.2020 г. и период 01.01.-31.03.2019 г. се прикажани во табелата која следува:

Реден број	Видови приходи по дејности	01.01.-31.03.2020	01.01.-31.03.2019	Индекс 20/19
1	Редовно зимско одржување	22.194.710,00	24.438.930,00	0,91
2	Редовно летно одржување и изградба	39.683.679,00	20.719.602,00	1,92
3	Хоризонтална и вертикална сигнализација	1.056.868,00	2.540.348,00	0,42
4	Светлосна сигнализација	3.338.300,00	5.963.610,00	0,56
	Вкупно:	**66.273.557,00**	**53.662.490,00**	**1,24**

Приходите остварени од работењето по налог на Град Скопје во првото тромесечие од 2020 г. (66.273.557,00 ден.) се поголеми во однос на истите приходи остварени во истиот период од 2019 г. (53.662.490,00 ден.) и тоа за 12.611.067,00 ден (23,50%).

По одделни видови на приходи, во првото тромесечие во 2020 г. зголемени се само приходите остварени од Редовно летно одржување и изградба во споредба со првото тромесечие во 2019 г. односно тие се зголемени за 18.964.077,00 ден. (91,53%)

Во првото тромесечие во 2020 г. намалени се приходите остварени од Редовно зимско одржување за износ од 2.244.220,00 ден. (9,18%) во споредба со првото тромесечие во 2019 г. Исто така се забележува намалување и на приходите од Хоризонтална и вертикална сигнализација за износ од 1.483.480,00 ден. (58,40%), како и кај приходите од Светлосна сигнализација кои се намалени за 2.625.310,00 ден. (44,02%).

Во графиконот е прикажана структурата на приходите остварени од работењето со Град Скопје во период 01.01.-31.03.2020 г.



Најголемо процентуално учество во приходите од Град Скопје имаат приходите кои се резултат на Редовно летно одржување и изградба 59,88%.

5.1.2. ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА

Во првото тромесечие во 2020 г. од работењето со други правни лица остварени се приходи во износ од **2.161.678,00 ден**. Во однос на истиот период минатата 2019 г. кога од овие инвеститори биле остварени 2.542.910,00 ден има намалување во износ од 381.232,00 ден. (14,99%).

5.1.3. ОСТАНАТИ ПРИХОДИ

Останатите приходи во периодот 01.01.-31.03.2020 г. се во износ од **353.727,00 ден** и ги сочинуваат Приходите од наплатени утужени побарувања, Приходи од надомест на штети, Приходи по основ на затезни камати, административни такси и др. Овие приходи во истиот период минатата 2019 г. изнесувале 3.450.057,00 ден. што покаува дека во периодот во 2020 г. се намалени во износ од 3.096.330,00 ден. (89,75%).

5.2. ВКУПНИ РАСХОДИ

Вкупните расходи за периодот 01.01.-31.03.2020 г. се во износ од **66.898.206,00 ден** и се поголеми за 23.124.993,00 ден. (52,83%) од оние истиот период минатата година кога изнесувале 43.773.213,00 ден.

Трошоците по видови кои се остварени од работењето на ЈП Улици и патишта - Скопје во период 01.01.-31.03.2020 г. и период 01.01.-31.03.2019 г. се прикажани во табелата која следи:

Реден број	Видови трошоци	01.01.-31.03.2020	01.01.-31.03.2019	Индекс 20/19
1.	Материјални трошоци	8.581.129,00	16.178.685,00	0,53
2.	Нематеријални трошоци	1.604.911,00	1.429.929,00	1,12
3.	Трошоци за вработени	28.087.087,00	25.925.017,00	1,08
4.	Останати расходи	28.625.079,00	239.582,00	119,48
	Вкупно:	**66.898.206,00**	**43.773.213,00**	**1,53**

Од Табелата погоре се забележува дека во првото тромесечие на 2020 г. материјалните трошоци во износ од 8.581.129,00 ден. се намалени за 7.597.556,00 ден. (46,96%) во однос на материјалните трошоци од првото тромесечие во 2019 г. кога изнесувале 16.178.685,00 ден.

Во периодот 01.01.-31.03.2020 г. се забележува зголемување на износите на следниве трошоци споредбено со истите трошоци за период 01.01.31.03.2019 г.:

- Нематеријални трошоци се зголемени за 174.982,00 ден. (12,24%)
- Трошоците за вработените се зголемени за 2.162.070,00 ден. (8,34%)
- Останатите расходи се значително зголемени во наведениот период во 2020 г. односно тие се зголемени за 28.385.497,00 ден. (зголемување за 119 пати). Тоа е како резултат на сторнирани фактури од минати години во износ од 26.189.212,00 ден.

Во графиконот кој следи е прикажана структурата на расходите во периодот 01.01.-31.03.2020 г.



Најчесто најголемо учество во вкупните расходи имаат расходите за плати на вработените, но оваа година најголемо учество во вкупните расходи имаат останатите расходи и тоа 42,79 %

5.3. БИЛАНС НА СОСТОЈБА

За да се добие подетална и појасна слика за состојбата на Јавното Претпријатие на 31.03.2020 г. потребно е да се направи анализа на некои од позициите од Билансот на состојба кои се позначајни за добивање на реални сознанија односно позиции кои се на поголем износ или кои претрпеле значајни промени во периодот 01.01.-31.03.2020 г. во однос на истиот период во 2019 г.

Ова, пред се, се однесува на промените во контата 1200 – Побарувања од купувачи, 2200- Обврски спрема добавувачи во земјата 2210- Обврски спрема добавувачи од странство

Кај овие конта на 31.03.2020 г. состојбата е следнава:

1. Обврските спрема добавувачите во земјата и од странство на 31.03.2020 г изнесуваат **81.606.563,00 ден** што е за 13.947.231,00 ден. помалку отколку во истиот период 2019 г. кога овие обврски изнесувале **95.553.794,00** ден. Овој податок е во прилог на констатацијата дека Претпријатието поредовно ги плаќа своите обврски кон добавувачите во 2020 г споредено со истиот период 2019 г.

2. Побарувањата од купувачи на 31.03.2020 г. изнесуваат **147.065.930,00 ден** и се за 26.69% (30.985.646,00 ден.) поголеми од побарувањата за истиот период 2019 г. кога тие биле во износ од **116.080.284,00 ден** ден. Наплатата на побарувањата во првото тромесечие во 2020 г. во однос на истиот период во 2019 г. не е подобрена, бидејќи е многу потешко да се изврши наплата на побарувања во услови на вонредна состојба поради пандемија со вирусот COVID 19.

3. Неплатени обврски по основ на даноци – ДДВ и Данок од добивка на 31.03.2020 г. изнесуваат **4.265.505,00 ден**. и се намалени за 1.026.056,00 ден.(19,38%) во споредба со обврските кон државата по основ на даноци– ДДВ и Данок од добивка кои на 31.03.2019 г. изнесувале **5.290.561,00 ден**.

Намалувањето на обврските кон државата по основ на ДДВ и ДД е константно во последните неколку години и е од исклучителна важност за работењето на Претпријатието.

Со измените на Законот за ДДВ (член 32а) кои стапија во сила од 01.02.2014 г Претпријатието повеќе не покажува нови обврски по овој основ, туку напротив скоро секој месец има побарувања за поврат на ДДВ. Овие побарувања нормално се спротиставуваат со долгот за ДДВ од минатите периоди, а тој факт заедно со плаќањата во текот на годината доведоа до намалување на овие обврски.

6. ЗАВРШЕН ДЕЛ

Од сите овие податоци изнесени погоре во текстот може да се заклучи следново:

1. Вкупните приходи остварени во период 01.01.-31.03.2020 г. изнесуваат **68.788.962,00 ден.** и се за 9.133.505, 00 ден. поголеми од приходите за истиот период минатата година.
2. Вкупните расходи во период 01.01.-31.03.2020 г. изнесуваат **66.898.206,00 ден**. и се за 23.124.993,00 ден. поголеми од вкупните расходи во овој период во 2019г.
3. Како резултат на поголеми приходи од расходи во првото тромесечие во 2020 г. прикажана е добивка во износ од **1.890.756,00 ден.** која е намалена за 13.991.488,00 ден. од добивката за истиот период во 2019 г. кога е остварена добивка од 15.882.244,00 ден.

Ова е период од годината кога и приходите и расходите од година во година може многу да варираат, зависно пред се од временските услови како еден од важните фактори кој делува на извршување на дејностите на Претпријатието и со тоа и врз остварените приходи, односно расходи.

Дејноста од која Претпријатието остварува најголеми приходи во годината – асфалтирањето зависи во голем дел, во овој период особено, од временските услови. Ова важи и за уште една дејност на Претпријатието од каде се остваруваат значајни приходи – бележењето на коловозите. Доколку временските услови го дозволуваат тоа, се врши асфалтирање на помали или поголеми површини или воопшто не може да се врши оваа дејност.

Во наредниот период започнува главната сезона за работа на Претпријатието и реално се очекуваат да се остварат приходи повисоки од остварените во првото тромесечие.

Искуството и показателите од минатите години одат во прилог на ова предвидување, но дали овие очекувања ќе се остварат и во која мера зависи најмногу од обемот на работите и налозите за работа кои ќе бидат дадени во наредниот период од Градот Скопје како главен инвеститор на работите кои ги врши Јавното претпријатие.

Анализата на податоците за наредните периоди од минатите години покажува и дека месеците кои претстојат се и период кога побарувачката за градежни зафати и кај други правни лица расте, така да се очекува зголемување и на приходите остварени од други инвеститори.

Изготвил:
Физички показатели:
Ирена Штерјовска

Финансиски показатели:
М-р Слаѓана Ќуиќ

Контролирал:

Раководител на Сектор финансии
Виолета Стаменовска

ВД Директор
Сенад Смаиловиќ

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА RRUGË DHE RRUGICA SKOPJE-SHKUP SHOQËRI PUBLIKE